ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2020 ГОДИНА НА
# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
# СМЕТКА ЗА РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ

01 2021 13 01

Скопје, август 2021

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 – 19 |
| Финансиски извештаи за 2020 година: | |
| Биланс на приходи и расходи | 20 |
| Биланс на состојба | 21 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства за 2020 година | 22 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 23 - 28 |
| - Сметководствени политики | 28 - 30 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 30 - 37 |
| Прилог 1 – Забелешки на Нацрт извештај | |
| Прилог 2 – Одговор на забелешки на Нацрт извештај | |

Кратенки користени во извештајот

РСМ - Република Северна Македонија;
Агенцијата - Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
МИОА - Министерство за информатички општество и администрација и
Закон за ААВМУ - Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 11-192/11
Дата: 09.08.2021

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на сметката за редовно работење за 2020 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со извршената ревизија за 2020 година изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија на Советот за радиодифузија за 2010 година како правен претходник на Агенцијата, при што не е изразено мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, додека за усогласеност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики изразено е неповолно мислење.
Не е извршена ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2010 година, од причина што од последната ревизија на Советот за радиодифузија како правен претходник на Агенцијата изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено неговото работење.

Со извршената ревизија ги констатиравме следните состојби:

- несоодветна примена на законските одредби со кои се уредува правото на плата и
- при спроведување на пописот на средствата и изворите на средства не се во целост извршени постапките предвидени со законските и подзаконските акти.

За утврдените неправилности дадени се препораки до одговорните лица во Агенцијата со цел преземање мерки за надминување на состојбите.

Во делот на нагласување на прашањата за неизвесност или континуитет, обелоденети се состојби кои се однесуваат за:

- доделување на финансиска помош – донација на радиодифузерите за справување со последиците од Ковид 19;
- судски постапки пред надлежен суд односно нотар или извршител чие решавање зависи од идни настани кои можат да влијаат врз финансиските извештаи;
- донесени се Одлуки за отпишување во сметководствената евиденција на Агенцијата на ненаплатени побарувања по основ на годишен надоместок за издавање дозволат за вршење на радиодифузна дејност во вкупен износ од 20.736 илјади денари;
- преиспитување на статусот на Агенцијата како даночен обврзник за данок на додадена вредност и
- спроведени сметководствени корекции во текот на ревизијата.

Во делот на останати прашања, обелоденети се состојби кои се однесуваат за:

- потребно е да се изврши допрецизирање и усогласување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со Законот за административните службеници во однос на постапката за вработување, начинот на вработување и статусот на вработените во Агенцијата, како и со одредбите на Законот за вработување во јавниот сектор;
- потреба од законско решение за користење на финансиските средства од разделот Министерство за финансии - Функции на државата како финансиски план (право на трошење) со кој се овозможува одобрување и исплаќање на средства за намени кои можат да бидат планирани во фазата на изготвување на Буџетот на РСМ, односно во рамки на буџетот на Агенцијата за исполнување на законските обврски поврзани со изборните процеси и
- потребно е да преземат активности за изменување и дополнување на подзаконските акти со кои се уредува начинот на водење на сметководството на непрофитните организации, со кои ќе се обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции".

Надлежните органи потребно е да преземат активности за надминување на утврдените системски слабости.

Од страна на раководното лице на Агенцијата, доставено е известување по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, со кое Агенцијата известува дека нема забелешки на доставениот Нацрт извештај, како и информира за отпочнати активности согласно дадените препораки во извештајот.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна од 20 до 22 заедно со ревизија на усогласеност на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, сметка за редовно работење за 2020 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капитални средства за 2020 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија на Советот за радиодифузија за 2010 година како правен претходник на Агенцијата, при што не е изразено мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, додека за усогласеност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики изразено е неповолно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- д-р Зоран Трајчевски, директор од 07.10.2014 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.
Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа на нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 09.03.2021 до 14.05.2021 година кај Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, сметка за редовно работење за 2020 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија на Советот за радиодифузија за 2010 година како правен претходник на Агенцијата, при што не е изразено мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, додека за усогласеност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики изразено е неповолно мислење.
Не е извршена ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2010 година, од причина што од последната ревизија на Советот за радиодифузија како правен претходник на Агенцијата изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено неговото работење.

Од страна на раководното лице на Агенцијата, доставено е известување по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-192/10 од 27.07.2021 година, со кое Агенцијата известува дека нема забелешки на доставениот Нацрт извештај и информира за отпочнати активности согласно дадените препораки во извештајот.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот, предмет на ревизија на ден 16.06.2021 година.

Констатирани се следните состојби:

## 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Бруто платата и другите надоместоци по основ на работен однос на директорот, заменик директорот и вработените во Агенцијата се уредени со Правилник[1] донесен во 2015 година, кои заклучно со 2020 година повеќе пати е менуван и дополнуван. Со донесениот правилник утврдено е правото на плата, која е составена од основна плата (дел на плата за сложеност и одговорност на работното место, за степен на квалитет на извршување на работите; за образование и за минат труд), работна успешност и додатоци на плата за сите категории на вработени.

Со извршената анализа на правилникот, а имајќи ги во предвид одредбите од Законот за работните односи[2] и Општиот колективен договор за јавниот сектор на РМ од 2008 година, во делот со кои се уредува системот на основна плата, додатоци и надоместоци на плата, други надоместоци и примања на вработените ги утврдивме следниве состојби:

- правото на степен на квалитет на извршување на работите како дел од основната плата уредено со правилникот, не е предвидено со одредбите од Законот за работните односи и колективниот договор.

  Укажуваме дека согласно член 106 од Законот за работните односи, како и согласно одредбите од правилникот и колективниот договор, степенот на квалитет на вршење на работата е еден од критериумите и мерилата за утврдување на работната успешност, каде е уредено дека „работната успешност се определува земајќи ги предвид домаќинскиот однос, квалитетот и обемот на вршењето на работата, за којашто работникот го склучил договорот за вработување“.

  Несоодветна примена на законските одредби со кои се уредува правото на плата има за ефект исплата на средства кои не се во согласност со законските акти;
- сложеноста и одговорноста на работното место како дел од барањата за работното место за определување на основната плата за вработените, се утврдени преку соодветен број бодови за звање, кои не се фиксно утврдени, односно истите се дефинирани како варијабилна компонента (од-до) различно определени за сите работни места одделно.

  Со извршениот увид во дел од персоналните досиеја на вработените (договори за вработување), како и извршената анализа на податоците во деловните книги, констатиравме дека за исто работно место со ист степен

---

[1] Правилник за бруто плата и други надоместоци во Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, број 01-579/1 од 23.01.2015 година; број 01-3601/1 од 22.05.2015 година; 01-3844/2 од 29.12.2015 година; 01-3257/1 од 12.07.2018 година; 01-5095/1 од 23.11.2018 година; 01-369/1 од 25.01.2019 година и број 01-990/1 од 18.02.2019 година

[2] „Службен весник на Република Македонија“ број 62/05........120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 110/19, 90/20 и 267/20

на сложеност определени се различен број на бодови при утврдување на основната плата, при што утврдивме дека разликата во висината на основната плата за исти работни места се разликува и таа разлика се движи во рамките од 5 до 10 илјади денари и

- согласно правилникот, работната успешност ја определува раководното лице и тоа како променлив дел од платата и истата изнесува најмногу 20% од основната платата на вработениот. Висината на работна успешност за секој вработен одделно е утврдена без однапред проценети квалитативни и мерливи критериуми.

Ваквата состојба не е во согласност со член 7 став 4 алинеја 4 од Законот за работните односи и истата не дава уверување за објективноста при определување на основната плата и работната успешност, при што доведува до нееднаква положба и дискриминација на вработените на исти работни места и создава можност за субјективно одлучување при вреднување на вработените.

Препорака:
Одговорното лице на Агенцијата да преземе мерки и активности за:

- исплатата на плата на вработените согласно законските прописи, односно правото на плата да го сочинуваат основна плата, дел за работна успешност и додатоци, при што основната плата ќе се определи исклучиво врз основа на барањата на работното место (фиксно утврдени бодови за секое работно место одделно согласно степенот на сложеност), како и измена на правилникот во однос на правото на степен на квалитет на извршување на работите како дел од основната плата и
- дополнување на правилникот со утврдување на квалитативни и мерливи критериуми за процена на работната успешност.

## 4.2. Финансиски извештаи

4.2.1. Со извршената ревизија на преземените активности за вршење на попис на средствата, побарувањата и обврските на ден 31.12.2020 година, ревизија го констатира следното:

- постои неусогласеност помеѓу сметководствената и материјалната евиденција во износ од 1.745 илјади денари, која произлегува од минати години, но поради подолгиот временски период од моментот на настанување, не може да се обезбедат доволно информации за утврдување на причината за утврдената разлика.
- не е изготвена пописна листа за градежниот објект врз основа на документ за сопственост, локација и големина на истиот. Потенцираме дека Агенцијата има обезбедено имотен лист како доказ за сопственост/користење на евидентираниот објект во сметководствената

евиденција. Исто така не е извршен попис на земјиштето со кое располага Агенцијата.

Во текот на ревизијата, Агенцијата презема активности за обезбедување на вредноста на земјиштето и спроведе сметководствено евидентирање на истото;

- не е извршен попис на превозните средства, уметничките слики и залиха на материјалите (канцелариски материјали, прехранбени продукти и средства за хигиена);
- не е извршен попис на побарувањата и на обврските спрема вработените со утврдување на нивната старосна структура и правен основ;
- изготвена е пописна листа на ситен инвентар која содржи само податоци за количината, а не и вредносни показатели и
- дел од пописните листи не се потпишани од страна на членовите на пописната комисија.

Поради наведеното, ревизијата констатира дека при извршениот попис не се применети во целост одредбите од Законот за сметководството за непрофитните организации и Правилникот за сметководството на непрофитните организации, што има влијание врз реално и објективно прикажување на одредени позиции во Билансот на состојба.

Препорака:
Одговорните лица на Агенцијата да преземат мерки и активности за целосно спроведување на пописот на средствата и изворите на средствата во сите фази, пополнување на сите потребни податоци во пописните листи, утврдување на фактичката состојба и нејзино усогласување со состојбата искажана во деловните книги на Агенцијата.

### Основ за изразување на мислење

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење во точките 4.1. и 4.2., кои се однесуваат на несоодветна примена на законските одредби со кои се уредува правото на плата и нецелосно постапување согласно законските и подзаконските акти кои го уредуваат начинот на вршење на пописот, имаат влијание врз издаденото мислење од страна на ревизијата.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањето изнесено во точка 4.2., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 31 декември 2020 година како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точка 4.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

6.1. Агенцијата согласно член 105 од Законот за ААВМУ остварува приходи по основ на:

- средства од Буџетот на РСМ во висина од 0,8% до 1% од реализираните вкупни приходи во годината која претходи на фискалната година за која се утврдува износот[3], од кои 6% за Агенцијата;
- годишен надоместок за дозволата за телевизиско или радио емитување кој радиодифузерите со исклучок на јавниот радиодифузен сервис, го плаќаат на сметка на Агенцијата;
- надоместок за вршење на надзор за реемитување на програмски сервиси на оператори за јавна електронска комуникациска мрежа и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и
- средствата на Буџетот на РСМ, кои се наменети исклучиво за финансирање на активностите на Агенцијата за време на изборниот процес.

[3] Средствата за финансирање на радиодифузната дејност, за работењето и развојот на Македонска Радио Телевизија, Јавното претпријатие Македонска радиодифузија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија во висина од 0,8% до 1% од реализираните вкупни приходи во годината која претходи на фискалната година за која се утврдува износот.

Од извршената анализа на вкупните извори на финансирање констатиравме дека Агенцијата во 2018 година има остварено приходи во вкупен износ од 139.037 илјади денари, во 2019 година приходи во вкупен износ од 121.969 илјади денари и во 2020 година има остварени приходи по сите горенаведени извори во вкупен износ од 110.691 илјади денари.

Структурата на приходите на Агенцијата, се прикажани одделно во графиконот подолу:




Со анализата на вкупните приходи по видови, констатиравме дека учеството на приходите од Буџетот на РСМ и приходите наплатени од радиодифузна такса имаат најголемо учество во вкупните приходи на Агенцијата, додека приходите од надомест за дозволи за телевизиско и радио емитување бележат тренд на намалување во периодот 2018 – 2020 година.

Во текот на 2020 година согласно Заклучок[4] од Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Одлука[5] за доделување на финансиска помош – донација за справување со последиците од Ковид 19, исплатени се средства во вкупен износ од 105.000 илјади денари од кои:

- 30.000 илјади денари на Јавниот радиодифузен сервис Македонска радио телевизија;
- 73.000 илјади денари на комерцијалните и непрофитните радиодифузери кои вршат телевизиско и радио емитување на територијата на РСМ;
- 1.000 илјади денари на Министерството за здравство и

[4]Заклучок број 02-1291/4 од 25.03.2020 година.
[5]Одлука број 05-1343/1 од 25.03.2020 година.

- 1.000 илјади денари на Министерството за внатрешни работи.

Средствата во вкупен износ од 73.000 илјади денари исплатени на комерцијалните и непрофитните радиодифузери кои вршат телевизиско и радио емитување на територијата на РСМ се распределени на:
- 118 радиодифузери кои во 2019 година го имаат платено годишниот надоместок за телевизиско или радио емитување на сметката на Агенцијата во износ од 35.098 илјади денари;
- 98 радиодифузери кои во 2020 година го имаат платено годишниот надоместок за телевизиско или радио емитување на сметката на Агенцијата во износ од 30.001 илјади денари;
- На 18 радиодифузери на кои во моментот на донесување на оваа Одлука не им е доспеан рокот за плаќање на годишниот надоместок на дозволата а им доспева до крајот на 2020 во износ од 7.901 илјади денари.

Агенцијата има доставено барање[6] за потврдување на јавен интерес на дадена донација или спонзорство до Министерство за правда.
За секоја донација Министерството за правда има изготвено Решение за донација на финансиски средства дадени од страна на Агенцијата со кое се потврдува јавениот интерес на донацијата во областа на информатичката технологија и пренос на електронски комуникации. Исто така, Министерство за правда согласно член 21 став 4 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности има побарано мислење од надлежниот орган Министерство за информатичко општество и администрација кој дал мислење[7] со што го потврдило јавниот интерес на донацијата.

Агенцијата со сите радиодифузери има склучено поединечни договори за донација за доделување на финансиска помош - за справување со последиците од Ковид 19 за мерки и активности за заштита на своите вработени преку набавка на заштитни средства за трошоци поврзани со производство, набавка и емитување на програма за санирање на негативните последици врз економското работење на примателот на донацијата поради епидемијата на Ковид 19 и овозможување на негово непречено функционирање

Дарателот на донацијата согласно член 10 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности на примателот на донацијата кој го има платено годишниот надоместок за телевизиско емитување за 2019 и 2020 година на сметка на Агенцијата му одобрува финансиски средства за намената наведена во договорот која донација се состои во враќање на уплатениот износ на надоместокот за дозволата за телевизиско емитување за 2019 и 2020 година на

[6] Барање број 05-1410/1 од 26.03.2020 година.
[7] Мислење број 08/3-1479/5 од 30.03.2020 година.

сметка на Агенцијата, намален за износите на ДДВ, кој ќе му биде уплатен на сметката на примателот на донацијата.

Во текот на 2021 година Владата на РСМ донела Одлука[8] за доделување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година во износ од 50.000 илјади денари на Агенцијата, како поддршка за справување со кризата предизвика од Ковид 19, а заради реализација на мерка 3 од петтиот пакет економски мерки за надомест на средства платени по основ на такси, давачки и надоместоци за вршење радиодифузна дејност.

Советот на Агенцијата донел Заклучок[9] согласно кој директорот на Агенцијата има донесено Одлука за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година во која е предвидено дека одобрените средства ќе се користат како финансиска поддршка на радиодифузерите заради надоместување на средствата кои што се платени, како и средствата кои не се платени по основ на надоместоци за вршење радиодифузна дејност, односно дозвола за радио или телевизиско емитување за радиодифузери кои во моментот на донесување на оваа одлука поседуваат важечка дозвола за телевизиско или радио емитување и кои се документирани во финансиската евиденција на Агенцијата.

6.2. Во текот на 2020 година од страна на одговорното лице на Агенцијата, донесени се Одлуки[10] за отпис на ненаплатени побарувања по основ на годишен надоместок за дозвола за вршење на радиодифузна дејност во вкупен износ од 20.736 илјади денари и тоа:

- одлука за отпишување на побарување во износ од 1.902 илјади денари, за доспеан и ненаплатен долг по фактури, кој потекнува од 2009 година;
- одлуки за отпишување на побарувања во вкупен износ од 18.749 илјади денари, за доспеан и ненаплатен долг по фактури, кој потекнуваат пред 2012 година и
- одлуки за отпишување на побарувања во износ 85 илјади денари, за доспеан и ненаплатен долг по фактури кои се однесуваат на побарување со период од 2 и 6 години старост.

Долгот на радиодифузерите е од периодот пред 2012 година, за кои се преземени дејствија од страна на Советот за радиодифузија (правен претходник на Агенцијата) за наплата на истите.

[8] Одлука број 40-2664/1 од 24.02.2021 година
[9] Заклучок број 02-708/2 од 01.03.2021 година
[10] Одлука број 05-4790/1 од 30.12.2020 година, Одлука број 05-4785/1 од 30.12.2020 година, Одлука број 05-4787/1 од 30.12.2020 година, Одлука број 05-4792/1 од 30.12.2020 година, Одлука број 05-4786/1 од 30.12.2020 година, Одлука број 05-4783/1 од 30.12.2020 година, Одлука број 05-4784/1 од 30.12.2020 година, Одлука број 05-4788/1 од 30.12.2020 година и Одлука број 05-4789/1 од 30.12.2020 година

6.3. Во Агенцијата се водат судски постапки пред надлежен суд односно нотар или извршител чие решавање зависи од идни настани кои можат да влијаат врз финансиските извештаи во вкупен износ од 3.239 илјади денари а кои се однесуваат на:

- ненаплатени побарувања на Агенцијата од радиодифузерите, по основ на доспеан а ненаплатен надоместок за дозвола за вршење на радиодифузна дејност во вкупен износ од 1.930 илјади денари;
- ненаплатени побарувања на Агенцијата од радиодифузерите, по основ на доспеан а ненаплатен долг за надоместок за дозволата за вршење на радиодифузна дејност во вкупен износ од 666 илјади денари;
- ненаплатени побарување на Агенцијата од субјекти на кои им се одобрени финансиски средства за финансирање радио телевизиска програма од јавен интерес, против кои субјекти поради нереализирање на проектите, Агенцијата има поднесено тужби за неисполнување и враќање на аконтативно исплатени средства.

  Во однос на овие проекти воспоставен е правен однос на залог во Централниот регистар – заложен регистар, кои што залози се уште активни во корист на заложниот доверител Агенцијата (поранешен Совет за радиодифузија) за обезбедување на парични побарувања кои произлегуваат од договорите за финансирање радио и телевизиска програма од јавен интерес во вкупен износ од 563 илјади денари и
- судски постапки кои се водат пред Основниот граѓански суд - Скопје во кој Агенцијата се јавува во својство на тужител и тужен во вкупен износ од 80 илјади денари.

Обрнуваме внимание дека од страна на 9 радиодифузери поведени се управни постапки против донесени акти на Агенцијата, а кои се однесуваат на:

- доделување односно одземање на дозволата за радио емитување;
- продолжување на рокот за започнување со вршење на дејноста;
- преземање на мерка јавна опомена;
- запирање на постапката за одземање на дозволата за радио емитување;
- објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за ТВ емитување и
- преземање на мерка јавна опомена и за исклучување на реемитување на програмски сервиси.

6.4. Овластениот државен ревизор во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2010 година на Советот за радиодифузија како правен претходник на Агенцијата, истакна состојба која се однесува на потребата од преиспитување на третманот на Советот за радиодифузија (правен претходник на Агенцијата) како даночен обврзник, согласно одредбите на член 2 и член 10 од Законот за данокот на додадена вредност.

Имајќи го предвид членот 10 од Законот за данокот на додадена вредност, статусот на Агенцијата како правно лице со јавни овластувања утврдени со Законот за ААВМУ, како и приходите кои истата ги остварува од законски утврдените надоместоци, кои не претставуваат приходи од стопанска дејност, односно се во функција на остварување на јавен интерес, предизвикува дополнително оптеретување на радиодифузерите, при што во случај на нивно неплаќање на обврската за надоместок на дозволата, данокот пресметан во фактурата, го користат за намалување на нивната даночна обврска спрема државата, а доколку воопшто не се плати, данокот паѓа на товар на Агенцијата. Исто така, доколку Агенцијата настапува како правно лице кое нема третман на даночен обврзник за ДДВ, истото би имало влијание и на износот на искажаните расходи, вредноста на средствата и обврските на Агенцијата, како и на побарувањето од државата, во случај кога Агенцијата има повеќе платен ДДВ.

Истакнуваме дека до денот на известување од извршената ревизија, не се извршени измени и дополнување на одредбите на Законот за данокот на додадена вредност кои се однесуваат на делот на предметот на оданочување и даночен обврзник, поради што и во 2020 година Агенцијата плаќа данок на додадена вредност на остварениот приход од пресметаниот годишен надоместок од издавање на дозволи за вршење на радиодифузна дејност.

Имајќи во предвид дека единствен надлежен орган за давање на мислење на одредени закони и начинот на нивна примена е Собранието на РСМ, ревизијата упатува на потребата Агенцијата да се обрати писмено до Собранието на РСМ во кое ќе ја изнесе утврдената состојба и ќе побара соодветно автентично толкување на одредбите од Законот за данокот на додадена вредност, кои се однесуваат на предмет на оданочување и даночен обврзник.

6.5. Во Билансот на состојба на ден 31.12.2020 година Агенцијата има искажано состојба на побарување за повеќе платен данок на добивка во износ од 6.316 илјади денари. Побарувањето е евидентирано врз основа на извршено усогласување на данокот на добивка за годините 2018 и 2019 година, при што со на 31.12.2019 година, Агенцијата го има применето став 4 од член 4-а од Законот за данокот на добивка[11] со кој е уредено дека данокот на вкупен приход се пресметува и плаќа во висина од 1% од износот на остварените вкупни приходи од стопанска дејност во календарската година, на износот кој надминува 1.000.000 денари.
Агенцијата до денот на вршење на ревизијата нема преземено мерки за поврат на повеќе платен износ на данок по основ на аконтација.

[11] „Службен весник на Република Македонија“ број 112/14, 44/15, 129/15, 23/16, 190/16, 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 158/19, 232/19, 275/19, 79/20 и 290/20

6.6. Во текот на ревизијата од страна на Агенцијата прифатени и спроведени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија, кои предизвикаа промени во активата и пасивата во финансискиот извештај - Биланс на состојба кои се однесуваат на:

- сметководствено евидентирање на земјиште во вкупен износ од 18.252 илјади денари, за кое Агенцијата има запишано право на користење во имотните листови и
- сметководствено прекнижување од сметката Извори на деловни средства на сметката Ревалоризациона резерва, поради несоодветно искажување на ревалоризација во вкупен износ од 3.784 илјади денари.

Корекциите се спроведени со налог за книжење број 101119 од 14.06.2021 година, кои детално се прикажани во делот Образложенија кон финансиските извештаи.

## 7. Останати прашања

7.1. Согласно член 76-г од Изборниот законик уредено е дека за исполнување на законските обврски на Агенцијата за време на изборниот процес, финансиски средства се обезбедуваат од средствата на Буџетот на РСМ, кои се исплаќаат на посебна сметка на Агенцијата и истите се наменети исклучиво за финансирање на активностите на Агенцијата за време на изборниот процес.

За потребите на спроведување на изборните процеси во 2020 година - предвремените избори за пратеници во Собранието на РСМ и предвремени локални избори за избор на градоначалници на Општина Штип и Општина Пласница, на Агенцијата за следење на изборните активности одобрени и исплатени и се средства во вкупен износ од 5.277 илјади денари, од кои за наведените изборни активности потрошени се средства во вкупен износ од 1.737 илјади денари, додека неискористените средства во износ од 3.540 илјади денари се вратени во Буџетот на РСМ.

Истакнуваме дека исплатата на средствата за потребите на изборните процеси во 2020 година, како и за сите спроведени избори во минати години без оглед дали се редовни или предвремени, одобрени врз основа на Одлуки на Владата на РСМ се врши преку раздел 090.02 – Министерство за финансии Функции на државата.

Согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија, е уредено дека исплатата на средствата од овој раздел се врши врз основа на Одлуки на Владата на РСМ, без одобрување на финансиски план и во случај кога Владата на РСМ одобрува средства од овој раздел на друг буџетски корисник, средствата се одобруваат со финансиски план (право на трошење) во разделот на буџетскиот корисник.

Имајќи го во предвид наведеното, во завршната сметка за Буџетот на РСМ овие исплати не се прикажуваат како трошоци на буџетски корисник, туку како расходи во целост на разделот Министерство за финансии - Функции на државата, што влијае на транспарентноста на буџетот/обемот на средствата по буџетски корисник.
Сметаме дека финансиските средства кои се доделуваат на Агенцијата за исполнување на законските обврски поврзани со изборните процеси треба да се планираат во Буџетот на РСМ во разделот на Агенцијата.

Овластениот државен ревизор во Конечните извештаи за извршената ревизија на усогласеност на Основниот буџет на РСМ, во континуитет, известува за потребата од законското решение на користењето на средствата од разделот Министерство за финансии - Функции на државата како финансиски план (право на трошење) со кој ќе се овозможи одобрување и исплаќање на средства за намени кои можат да бидат планирани во фазата на изготвување на Буџетот на РСМ, во рамки на буџетите на одделните буџетски корисници.

7.2. Со донесување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со важност од јануари 2014 година, со член 22 се уредува организацијата и вработувањето во Агенцијата согласно кој „*Стручните, нормативно правните, управните, материјално-финансиските, сметководствените, информатичките и другите работи на Агенцијата ги врши стручна служба чија внатрешна организација, делокруг на работа и услови за вработување поблиску се уредуваат со актите за внатрешна организација и систематизација на работите и задачите, согласно со Законот за работните односи, како и дека одредбите од Законот за државните службеници не се применуваат на вработените во Агенцијата*“. И покрај престанок на важност на Законот за државни службеници, не е извршена измена и дополнување на наведената одредба. Согласно член 4 од Законот за административните службеници, Агенцијата како регулаторно тело има право определени прашања во врска со работниот однос во целост или делумно да ги уреди со закон или со колективен договор на начин различен од овој закон, освен во делот на постапката за вработување на административни службеници која е регулирана со овој закон и е задолжителна и за вработување на административни службеници во Агенцијата.

Ревизијата смета за потребно да се допрецизира и усогласи член 22 од Законот за ААВМУ со член 4 од Законот за административните службеници во делот на субјектите[12] кои определени прашања од работен однос можат во целост или делумно да ги уредат со закон или со колективен договор на начин различен од оној предвиден со Законот за административни службеници.

[12] Административни службеници во дипломатијата, царинската и даночната администрација, инспекциските служби, државната ревизија и ревизијата на ИПА, како и регулаторните тела

Ваквата неусогласеност има влијание на постапката за вработување, начинот на вработување и статусот на вработените во Агенцијата.

7.3. Советот на Агенцијата во текот на 2018 година има донесено акти[13] за организација и систематизација на работните места, со кои се утврдени бројот, општите и посебните услови и описите на работните места, како и видот и бројот на организациските единици и нивниот делокруг на работа.

Со член 22 од Законот за ААВМУ е уредено дека внатрешна организација, делокругот на работа и условите за вработување, поблиску се уредуваат со актите за внатрешна организација и систематизација на работите и задачите, согласно со Законот за работните односи.

Имајќи ги во предвид одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор кој почнува да се применува од 2014 година, како работодавачи во јавниот сектор (институции) се опфатени и „*институциите кои вршат дејности од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Македонија или од општините, од градот Скопје, како и од општините во градот Скопје*“.

Согласно член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор, уредено е дека институциите опфатени со овој закон имаат обврска актот за внатрешна организација и актот за систематизација на работните места, да ги донесат по претходно спроведена функционална анализа, базирана на докази за која е потребно обезбедување на согласност од Министерство за информатичко општество и администрација.

Во текот на 2016 и 2017 година од страна на Државниот управен инспекторат – МИОА извршен е инспекциски надзор во делот на примена на Глава III и IV од Законот за вработените во јавниот сектор кои се однесуваат на класификација на работните места во јавниот сектор и евиденција на вработените, при што констатирани се горенаведените состојби кои се однесуваат на начинот на донесување на актите за систематизација, без притоа да се дадат насоки за понатамошни дејствија.

Владата на РСМ во 2019 година има донесено Заклучок[14] за спроведување на функционална анализа на институциите од јавниот сектори и при тоа ги задолжила органите на државна управа, а им укажала на институциите кои не

---

[13] Правилник за систематизација на работни места во Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, број 01-3256/1 од 12.07.2018 година, број 01-1770/1 од 28.04.2021 година и Правилник за внатрешна организација и работа на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, број 01-2879/1 од 22.06.2017 година; број 01-2879/2 од 05.12.2017 година; 01-3255/1 од 12.07.2018 година и број 01-3937/1 од 03.09.2018 година (пречистен текст)

[14] Извадок од нацрт записникот од 158 седница на Влада на РСМ одржана на 8 октомври 2019 година.

се органи на државна управа да спроведат функционална анализа врз основа на Методологијата за спроведување на функционална анализа.

Имајќи го во предвид наведеното, ревизија укажува на потребата од усогласување на одредбите од Законот за ААВМУ и Законот за вработените во јавниот сектор, што влијае на класификацијата на работните места, евиденцијата, видовите на вработувања, општите права, должности и одговорности, мобилноста, како и други општи прашања за вработените во јавниот сектор.

7.4. Водењето на сметководството, деловните книги, сметководствените документи и обработката на податоците, признавањето на приходите и расходите, проценувањето на билансните позиции, ревалоризацијата, финансиските извештаи и доставувањето на финансиските извештаи на Агенцијата се уредени со Законот за сметководството за непрофитните организации[15], за кој е потребно надлежните институции да преземат активности за изменување и дополнување, и тоа:

- согласно член 13 од наведениот закон признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации се спроведува според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции, што значи дека приходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположливост. Имено, приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно, додека под критериумот расположливост на приходите/расходите во пресметковниот период се подразбира дека истите се расположливи кога се остварени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов приходите/расходите да се однесуваат на пресметковниот период и
- Поради наведените алтернативни критериуми за расположливоста на приходите (сврзникот „или„) ревизијата смета дека надлежните органи потребно е да донесат поконкретни насоки во однос на рокот на нивната расположливост и евидентирање и подзаконски акти за воспоставување на сметководствената евиденција кај непрофитните организации и обрасците за подготвување на финансиските извештаи донесени се подзаконски акти и тоа:
  - ✓ Правилник за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации[16] и

[15]„Службен весник на Република Македонија" број 24/03, 17/11 и 154/15
[16]„Службен весник на Република Македонија„ број 117/05

- ✓ Правилник за сметковниот план и билансите на непрофитните организации[17].

Во наведените правилници, пропишани се сметки и позиции кои не бараат одлив на парични средства односно истите претставуваат пресметковни позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа".

Надлежното министерство потребно е да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе се обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции".

[17]„Службен весник на Република Македонија„ број 117/05 и 11/06

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2020 ГОДИНА**

во 000 денари

| Опис | Образложенија | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од членарина, подароци, донации и приходи од други извори | 3.1.1. | 71.316 | 74.642 |
| Сопствени приходи | 3.1.2. | 39.855 | 47.972 |
| Други приходи | 3.1.3. | 82 | 488 |
| Пренесен вишок на приходи од претходната година | 3.1.4. | 194.060 | 151.071 |
| **Вкупно приходи** | | **305.313** | **274.175** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| Материјални расходи, услуги и амортизација | 3.2.1. | 11.084 | 12.517 |
| Други расходи | 3.2.2. | 20.060 | 20.242 |
| Капитални и други средства | 3.2.3. | 9.925 | 4.770 |
| Помошти, донации и други давачки | 3.2.4. | 99.287 | 0 |
| Плати и надомести на плати | 3.2.5. | 44.692 | 42.116 |
| Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 3.2.6. | 2.919 | 0 |
| **Вкупно расходи** | | **187.967** | **79.645** |
| | | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **116.957** | **194.530** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2020 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жениja | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Парични средства, краткорочни побарувања и активни временски сметки** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 113.284 | 184.699 |
| Побарувања | 4.1.2. | 2.621 | 24.411 |
| Други краткорочни побарувања | 4.1.3. | 252 | 267 |
| Побарувања за повеќе платени даноци и придонеси | 4.1.4. | 7.051 | 6.636 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.5. | 332 | 837 |
| Залихи | 4.1.6. | 103 | 60 |
| **Вкупно тековни средства** | | **123.643** | **216.910** |
| | | | |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства и материјални средства | 4.2.1. | 238.062 | 223.547 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.2. | 1 | 1 |
| **Вкупно постојани средства** | | **238.063** | **223.548** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **361.706** | **440.458** |
| **Вонбилансна актива** | 4.3. | **399** | **0** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Краткорочни обврски и пасивни пресметковни** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4.1. | 1.259 | 1.666 |
| Обврски спрема државата и други институции за даноци и придонеси и други обврски | | 0 | 577 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.4.2. | 3.542 | 0 |
| Други краткорочни обврски | 4.4.3. | 101 | 101 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.4.4. | 118.636 | 214.502 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **123.538** | **216.846** |
| | | | |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на деловните средства | 4.5.1. | 234.384 | 223.612 |
| Ревалоризациона резерва | 4.5.2. | 3.784 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **238.168** | **223.612** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **361.706** | **440.458** |
| **Вонбилансна пасива** | 4.6. | **399** | **0** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА ЗА 2020 ГОДИНА

| О П И С | Деловен фонд | Ревалоризациона резерва | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2020 година** | **223.612** | **-** | **223.612** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **28.032** | **5.110** | **33.142** |
| Набавки | 9.439 | | **9.439** |
| Ревалоризација на набавна вредност | 5.110 | | **5.110** |
| Корекции по ревизија - евидентирање на земјиште | 18.252 | | |
| Корекции во текот на ревизијата поради погрешно евидентирање на ревалоризацијата - прекнижување | (5.110) | 5.110 | - |
| Набавка на материјали еидентиран на залиха на материјали | 341 | | **341** |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **17.260** | **1.326** | **18.586** |
| Амортизација за тековна година | 16.867 | | **16.867** |
| Ревалоризација на исправка на вредност | 1.326 | | **1.326** |
| Корекции во текот на ревизијата поради погрешно евидентирање на ревалоризација на исправка на вредност | (1.326) | 1.326 | - |
| Расходувана опрема | 93 | | |
| Потрошок на материјали евидентиран на аналитичка сметка на извори на средства | 300 | | **300** |
| **Состојба 31.12.2020 година** | **234.384** | **3.784** | **238.168** |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / Pranuar më: 27.07.2021
Орг. Един. / Nj. org. | Број: / Nr: 11-192/10 | Прилог: / Shtojcë:

Бр. 03-309/5

Скопје 23.07.2021 г.

**До**
**Државен завод за ревизија**

**За**
**м-р Максим Ацевски, Главен државен ревизор**

**Врска: Ваш бр.11-192/9 од 13.07.2021г.**
**(Наш арх.бр.03-309/4 од 20.07.2021 г.)**

**Предмет: Известување по повод доставен Нацрт извештај**

Почитуван,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги Ве известува дека нема забелешки во однос на доставениот Нацрт-извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за сметка за редовно работење Ваш бр.11-192/9 од 13.07.2021 г. (Наш арх.бр.03-309/4 од 20.07.2021 г.).

Исто така, во врска со препораката за измена на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата, во однос на правото на степен на квалитет на извршување на работите како дел од основната плата, Ве известуваме дека степенот на квалитет на извршување на работите не е содржан во основната плата.

Воедно, Ве известуваме дека Агенцијата изврши изменување и дополнување на напред наведениот Правилник со утврдување на квалитативни и мерливи критериуми за процена на работна успешност, кои Советот на Агенцијата ги усвои на 21-та седница одржана на 22.07.2021 година.

Со почит,

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

ПРИЛОГ 2

**ОДГОВОР**
**на Известување на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски работи**

На ден 27.07.2021 година, добиено е известување по Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година, од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, број 03-309/5 од 23.07.2021 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-192/10 од 27.07.2021 година.

Известувањето е разгледано од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Агенцијата известува дека нема забелешки во однос на доставениот Нацрт извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 годна на Агенцијата за сметка за редовно работење број 11-129/9 од 13.07.2021 година.

2. Во однос дадената **препорака за точката 4.1.1.** која се однесува на потребата од преземање на мерки и активности за измена и дополнување на правилникот за бруто плата и други надоместоци во Агенција и тоа во делот на исклучување на правото на степен на квалитет на извршување на работите од основната плата и утврдување на квалитативни и мерливи критериуми за процена на работната успешност, Агенцијата известува за отпочнати активности по дадената препорака и тоа во делот на извршени измени и дополнување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци кој Советот на Агенцијата ги усвоил на 21-та седница одржана на 22.07.2021 година, кои не се доставени во прилог на известувањето. Истакнуваме дека имплементацијата на наведениот правилник ќе биде предмет на наредна ревизија.